**ВРХОВЕН СУД НА**
**Република Северна Македонија**
**Су-07.бр.283/22**
**27.12.2022 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 43 од Законот за судска служба (Сл. Весник на РМ бр.43/2014, 33/2015, 98/2018, 198/2018), по спроведената постапка по објавениот Интерен оглас број 1/2022 за кариерно унапредување на судски службеници и Предлогот на Комисијата за селекција за унапредување на судски службеници за работното место самостоен судски референт во кабинетот на претседателот на Судот - категорија Г ниво Г1 – 1 (еден) извршител заведен под Су-07.бр.280/22-2 од 26.12.2022 година, Судскиот администратор на Врховниот суд на Република Северна Македонија, на

**О Д Л У К А**
за избор за кариерно унапредување

За работното место самостоен судски референт во кабинетот на претседателот на Судот - категорија Г ниво Г1 – 1 (еден) извршител, се избира кандидатот:

- Ирина Павлова
-

За избраниот кандидат ќе се донесе решение за вработување.

Образложение

Врховниот суд на Република Северна Македонија, објави интерен оглас бр.1/2022 за кариерно унапредување на судски службеници за работно место со звање самостоен судски референт во кабинетот на претседателот на Судот - категорија Г ниво Г1 – 1 (еден) извршител, на ден 12.12.2022 година на веб страната на судот.

По спроведената постапка за селекција за унапредување на судски службеници за работното место самостоен судски референт во кабинетот на претседателот на Судот - категорија Г ниво Г1 – 1 (еден) извршител, согласно со Законот за судска служба и Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, формата, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција во зависност од категориите на работно место за кои е објавен интерниот оглас, („Службен весник на РСМ" бр.275/20), Комисијата за селекција за унапредување на судски службеници за работно место со звање самостоен судски референт во кабинетот на претседателот на Судот - категорија Г ниво Г1, до Судскиот администратор на судот, достави Предлог на кандидати за кариерно унапредување на судски службеници за работно место со звање самостоен судски референт во кабинетот на претседателот на Судот - категорија Г ниво Г1 – 1 (еден) извршител Су-07.бр.280/22-2 од 26.12.2022. Со означениот предлог, за работното место самостоен судски референт во кабинетот на претседателот на Судот - категорија Г ниво Г1 – 1 (еден) извршител, се предлага кандидатот Ирина Павлова.

Согласно со член 43 став 1 од Законот за судска служба, судскиот администратор односно претседателот на судот во кој не е избран судски администратор, во рок од три дена од добивањето на предлогот е должен да донесе одлука за избор.

Имајќи ја во предвид означената законска одредба, како и Предлогот на кандидати за кариерно унапредување на судски службеници за работно место со звање самостоен судски референт во кабинетот на претседателот на Судот - категорија Г ниво Г1 – 1 (еден) – 1 (еден) извршител заведен под Су-07.бр.280/22-2 од 26.12.2022 година, Судскиот администратор на судот одлучи како во изреката.

**ВРХОВЕН СУД НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Судски администратор**

**Соња Груевска**

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба во рок од 8 (осум) дена од денот на доставувањето на одлуката за избор преку Врховниот суд на Република Северна Македонија до Советот на судска служба.

**ДН:**

- Судска управа
- Веб страна
- Кандидатот кој е избран
- Кандидати кои не се избрани од ранг листата